**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08-380**
**21.10 2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), Известување од Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид (арх.бр.08-3616/1 од 30.09.2020 година), Изјавата од Јован Трпески од Охрид - управителот на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, кој е и единствен основач/сопственик на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид (заверена на нотар), број УЗП 1579/2020 од 05.10.2020 година (наш арх.бр.08-3616/3 од 13.10.2020 година), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот арх.бр.02-3897/5 од 21.10.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 21.10.2020 година, донесе:

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-54 од 05.01.2015 година, со важност од 9 години (од 05 јануари 2015 година до 04 јануари 2024 година), за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво (за подрачјето на Општина Охрид и Општина Дебарца), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

На 30.09.2020 година ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги достави Известување (арх.бр.08-3616/1), во кој меѓудругото побара бришење на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид од регистарот на радиодифузери. Во врска со цитираното Известување, Агенцијата на 02.10.2020 година, на официјалната електронската адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на РСМ, која електронска адреса е евидентирана во регистарот на радиодифузери на Агенцијата, до ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, достави Известување во електронска форма (арх.бр.08-3616/2 од 02.10.2020 година), со кое го извести наведениот радиодифузер дека согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) потребно е да достави Изјава - заверена на нотар од управителот и основачот/сопственик на радиодифузерот – ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, во која задолжително треба да биде наведено дека радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, престанува со емитување на телевизиска програма.

Во меѓувреме, Советот на Агенцијата на 35-та седница одржана на 05.10.2020 година, со Заклучок, арх.бр.02-3590/4, покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, бр.08-54 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 82 став 1 алинеја 2 од ЗААВМУ, односно поради тоа што радиодифузерот престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини. На 13.10.2020 година до Агенцијата беше доставена Изјава од Јован Трпески од Охрид дадена од страна на управителот на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид – Јован Трпески, кој е и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид (заверена на нотар), број УЗП 1579/2020 од 05.10.2020 година (наш арх.бр.08-3616/3 од 13.10.2020 година), со која изјавува дека радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид започнувајќи од 22.08.2020 година од 00:00 часот престана со емитување на телевизиска програма.

Со оглед на доставената Изјава, а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), на 37-та седница на Советот на Агенцијата одржана на 14.10.2020 година, со Заклучок, арх.бр.02-3790/2 од 15.10.2020 година, покренатата постапка за одземање на предметната дозвола по службена должност, беше запрена со Решение (Уп1 бр.08-366 од 15.10.2020 година).

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и Изјавата од Јован Трпески од Охрид - управител на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, кој е и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, (заверена на нотар) број УЗП 1579/2020 од 05.10.2020 година (наш арх.бр.08-3616/3 од 13.10.2020 година) исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Изјавата од Јован Трпески од Охрид - управител на ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, кој е и единствен основач/сопственик на радиодифузерот ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, (заверена на нотар) број УЗП 1579/2020 од 05.10.2020 година (наш арх.бр.08-3616/3 од 13.10.2020 година), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот арх.бр.02-3897/5 од 21.10.2020 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на Уписникот Уп 1;
- Трговското радиодифузно друштво ТРД ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТРД ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид;
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.